Техничка поддршка за граѓанските организации Македонска канцеларија

МЦМС

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Овој проект е финансиран од Европската Унија



# ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕТО

ИЗВЕШТАЈ ОД АНКЕТАТА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МРЕЖИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2016

**ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕТО**

**ИЗДАВАЧИ**
Македонски центар за меѓународна соработка
Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО) – Македонска канцеларија
**ЗА ИЗДАВАЧИТЕ**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Сунчица Саздовска, советник на ТАКСО-Македонска канцеларија
**АВТОРИ**
Јасмина Чаушоска
Даниела Стојанова
**ЛЕКТУРА**
Даниел Медароски
**ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ, ДИЗАЈН И ПОДГОТОВКА**
Јасмина Чаушоска, Даниела Стојанова

Скопје, февруари 2016

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

061.2/.23(497.7)

ЧАУШОСКА, Јасмина
Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето
[Електронски извор] : извештај од анкетата за идентификација на
мрежите во Република Македонија : Скопје, февруари 2016 / [автори
Јасмина Чаушоска, Даниела Стојанова]. - текст, граф. прикази. -
Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2016

Начин на пристап (URL): http://mcms.mk. - Текст во PDF формат,
содржи 23 стр.. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на
ден 12.07.2016. - Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилози
ISBN 978-608-4681-64-9
1. Стојанова, Даниела [автор]
а) Невладини организации - Граѓански здруженија - Соработка -
Македонија б) Граѓанско општество - Македонија
COBISS.MK-ID 101432586

**КОНТАКТ**
**МЦМС** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41 а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел. +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
**ТАКСО - Македонска канцеларија** – ул. „Никола Парапунов“ бр. 41 а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел. +389/2/3225-340; е-пошта: info.mk@tacso.org; веб-страница: www.tacso.org.

Овој извештај е нарачан од сервисниот договор за техничка поддршка за спроведување на „Градење капацитет на граѓанското општество во земјите и териториите на ИПА“, познат како „Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО)“, проект финансиран од Европската Унија (ЕУ).
Овој извештај е подготвен со помош на Европската Унија.
Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка, СИПУ Интернешнл и Европската Унија.
**МЦМС, ТАКСО-Македонска канцеларија**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# ПРЕДГОВОР

Создавањето партнерства и јакнењето на вмрежувањето на граѓанските организации е еден од приоритетите на проектот Техничка поддршка на граѓанските организации (ТАКСО). Исто така, во извештајот на ТАКСО за процена на потребите[1] беше идентификувана потребата да се поддржи вмрежувањето на граѓанските организации (ТАКСО, 2014), што беше потврдена и од страна на Локалната советодавна група на ТАКСО за Македонија[2]. Од овие причини, Македонската канцеларија на ТАКСО и Ресурсниот центар на ТАКСО - Македонски центар за меѓународна соработка, во периодот јули 2015 г. – февруари 2016 г. спроведоа сеопфатна процена на потребите на мрежите кои дејствуваат во Република Македонија, која треба да служи како основа за следните чекори на градење капацитети за вмрежување и партнерство.

Истражувањето се состоеше од анализа на литература, две онлајн-анкети и форум. Анкетите имаа за цел да се осознаат перцепциите, ставовите и потребите за вмрежување, и тоа првата ги опфати граѓанските организации, а втората мрежите. Форумот насловен како „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“ пак опфати презентации на наодите од двете анкети и дискусија во две работни групи, на кои се дискутираше за наодите и се дадоа препораки. Во овој извештај се презентирани наодите од првата анкета со граѓански организации, спроведена во јули 2015 г., како и дел од дискусијата на форумот, одржан во февруари 2016 г.

Освен што се приоритет за ТАКСО, создавањето партнерства и јакнењето на вмрежувањето на граѓанските организации се и актуелни теми кои сè повеќе се наметнуваат во граѓанското општество и неговите напори да биде поефективно и да остварува поголемо влијание врз општествените текови. Сè поголемата популаризација на потребата на граѓанските организации да соработуваат меѓусебно зборува за важноста и придобивките од здружување на своите напори, знаења и ресурси.

Веруваме дека извештајот ќе помогне во планирањето не само на ТАКСО, туку и на граѓанските организации во Македонија, особено мрежите, а и на другите релевантни актери за граѓанското општество. Особено, извештајот може да придонесе во јакнењето на организацискиот капацитет за градење ефективни секторски и прекусекторски мрежи, но и други форми на соработка.

Сунчица Саздовска, Македонска канцеларија на ТАКСО

Даниела Стојанова, Ресурсен центар на ТАКСО - Македонски центар за меѓународна соработка

[1] http://www.tacso.org/documents/reports/?id=10448

[2] http://www.tacso.org/doc/Zapisnik%20od%20prva%20rabotilnica%20na%20LSG%20vo%20TACSO%202.pdf

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР .......... 3

ВОВЕД .......... 5

Термини и дефиниции .......... 5

Методологија и пристап .......... 5

1. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МРЕЖИ ВО МАКЕДОНИЈА .......... 7

1.1. Мрежи во Република Македонија .......... 7

1.2. Мотиви и придобивки од вмрежувањето .......... 8

1.3. Причини за нечленување во мрежа .......... 9

2. ОПШТИ СТАВОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МРЕЖИТЕ .......... 10

3. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ .......... 12

ЗАКЛУЧОЦИ .......... 14

ПРЕПОРАКИ .......... 14

ПРИЛОЗИ .......... 16

## ВОВЕД

Македонската канцеларија на ТАКСО и Ресурсниот центар на ТАКСО - Македонски центар за меѓународна соработка спроведоа процена на потребите на мрежите, кои дејствуваат во Република Македонија. Процената се состоеше од анализа на литература, две онлајн-анкети и форум. Во овој извештај се презентирани наодите од првата онлајн-анкета, во која учествуваа 128 граѓански организации, а се спроведе во јули 2015 г. Анкетата имаше за цел да се констатираат состојбите во вмрежувањето на граѓанските организации и мотивацијата на граѓанските организации да членуваат во мрежи, понатаму да се идентификуваат кои се нивните придобивки, предизвици и проблемите при вмрежувањето, како и да се осознаат ставовите на граѓанските организации за мрежите, како и да ги идентификува постоечките мрежи во Република Македонија.

## ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

**Мрежите** претставуваат доброволно здружување најчесто на граѓански организации, но и на други облици на здружување, а понекогаш и на поединци, заради адресирање заеднички потреби, остварување заеднички интереси и/или постигнување заеднички цели. Овие цели може да вклучат само размена на информација или координација, но и преземање заеднички акции за остварување општествени промени. Членките/членовите во мрежите ја задржуваат сопствената автономија, поточно нивниот идентитет, целите, структурата и сл. Мрежите може да бидат неформални или формални и вклучуваат најмалку три граѓански организации или други членки. Формалните мрежи се институционализирани и најчесто се и регистрирани како посебни правни лица. Исто така мрежите може да користат најразлични именувања. **Вмрежувањето** ги претставува односите, процесите, структурата меѓу организациите во мрежите. **Членки** се граѓанските организации кои членуваат во мрежите, во која било форма на членство.

Во овој извештај поимот мрежи опфаќа сè погоре наведено и го подразбира секој облик на здружување/вмрежување на граѓанските организации, како на пример платформи, сојузи, коалиции, федерации, алијанси и сл., било да е тој формален, неформален, регистриран или нерегистриран како посебно правно лице, а кои дејствуваат во Македонија.

Под регистрирана мрежа во овој извештај се подразбира сојуз на две или повеќе организации (и други правни лица), регистриран согласно ЗЗФ[3]. Меѓународни мрежи пак се однесуваа на мрежа на организации од Македонија и од најмалку уште една држава/земја, односно сите прекугранични, регионални (Балкан, ЈИЕ), европски и меѓународни мрежи. Под поимот граѓанска организација се подразбира здружение, фондација, сојуз или друг облик на здружување, регистрирана во Македонија, според Законот за здруженија и фондации (2010). Со анкетата не беа опфатени партнерства или пак чадорски организации.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИСТАП

Анкетата за идентификација на мрежите во Македонија беше спроведена онлајн[4] во периодот од 8 јули – 31 јули 2015 година преку одговарање прашалник. Покана за учество во анкетата беше пратена на над 2.500 електронски адреси на граѓански организации регистрирани во базата на податоци на ТАКСО. При пополнувањето на прашалникот на испитаниците им беше дадена можност да го дадат своето мислење за најмногу пет мрежи во кои членуваат.

Прашалникот се состоеше од 16 основни прашања поделени во три области:

1) Членство во мрежи во Македонија (број на мрежи, регистрација согласно Законот за здруженија и фондации, мотиви, придобивки, причини за нечленување во мрежа);

[3] ЗЗФ
[4] Lime Survey: https://www.limesurvey.org/

2) Ставови на граѓанските организации (ефективност на мрежите, придобивки од вмрежувањето);
3) Други (секторска, географска припадност, податоци за испитаникот).

Прашалникот го одговорија вкупно 128 граѓански организации за кои повеќе податоци се дадени на крајот од овој извештај.

Податоците се обработуваа со користење на СПСС, а во извештајот се прикажани во графикони и најчесто на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки. Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 3 %. При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

Покрај податоците од анкетата, во извештајот се претставени и дел од дискусиите, како и препораките на форумот „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“[5], одржан на 11 февруари 2016 г. во Скопје, а на кој учествуваа околу 100 претставници на граѓански организации и мрежи од целата земја.

[5] http://www.mcms.org.mk/mk/vesti-i-javnost/vesti/1736-vmrezhuvanje-i-sorabotka-na-gragjanskite-organizacii.html

# 1. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МРЕЖИ ВО МАКЕДОНИЈА

Граѓанските организации кои учествуваа во анкетата наведоа дека членуваат во вкупно 60 различни мрежи кои дејствуваат во Република Македонија, а кои поединечно се дадени во прилог 1 на овој извештај.

Графикон 1. Членство во мрежи во Македонија




Скоро две третини од анкетираните граѓански организации одговориле дека членуваат во една или повеќе мрежи. Овој податок ги потврдува наодите од претходните истражувања на МЦМС за вмрежувањето, каде членството на организациите во мрежи е околу две третини (Габер-Дамјановска Н., 2007; Стојанова Д. и др., 2010).

## 1.1. МРЕЖИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Десетина од вкупно 60 идентификувани мрежи беа почесто спомнувани мрежи од страна на анкетираните граѓански организации, а најмногу Мрежата за рурален развој на Република Македонија и Македонската платформа против сиромаштија. Во табелата подолу се прикажани овие 10 мрежи, и тоа според честотата на спомнувања од страна на анектираните организации.

Табела 1. Најчесто спомнувани мрежи

| Бр. | Име на мрежата |
|---|---|
| 1 | **Мрежа за рурален развој на Република Македонија (МРР на РМ)** |
| 2 | **Македонска платформа против сиромаштија (МППС)** |
| 3 | **Коалиција на младински организации СЕГА** |
| 4 | **Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство (НМПНЖСН)** |
| 5 | **Платформа за родова еднаквост (ПРЕ)** |
| 6 | **Платформа на граѓанските организации за борба против корупција** |
| 7 | **Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ)** |
| 8 | **Декадна контакт-точка - Македонија (ДКТ - Македонија)** |
| 9 | **Национален младински совет на Македонија (НМСМ)** |
| 10 | **Национален совет за родова рамноправност (НСРР)** |

Од аспект на правниот статус, повеќе од половина од идентификуваните 60 мрежи се регистрирани како сојуз согласно Законот за здруженија и фондации. Најголем дел од мрежите (85,5 %) имаат воспоставено структура, начин на членување и одлучување, повелби и принципи. Правниот статус и степенот на формалноста на мрежите покажуваат дека институционализираноста на мрежите во Македонија е висока.

Графикон 2. Регистрирани мрежи согласно ЗЗФ (%)




Графикон 3. Формалност на мрежите (%)



## 1.2. МОТИВИ И ПРИДОБИВКИ ОД ВМРЕЖУВАЊЕТО

За повеќе од една четвртина од граѓанските организации кои одговориле дека се членки на мрежа, остварувањето општествени промени е мотив да бидат дел од таа мрежа/и. Членките се мотивирани да бидат дел од мрежа и поради можноста за промовирање на своите каузи и пораки (21,3 %), како и за размена на информации (20,7 %).

**Графикон 4. Примарни мотиви за учество на ГО во мрежа**




Остварувањето општествени промени и размената на информации, освен како едни од примарните мотиви за учество во мрежа, со скоро ист процент се рангирани и како едни од најважните придобивки од вмрежувањето. Така, една четвртина од членките сметаат дека остварувањето општествени промени е придобивка од вмрежувањето, а една петтина од нив како придобивка ја издвојуваат размената на информации. Други значајни придобивки се можноста за соработка со други граѓански организации (15,3 %) и градењето капацитети преку нивното членство (14,1 %). Најмал дел од граѓанските организации (4,1 %) го сметаат подобрувањето на сопствениот имиџ за придобивка од нивното учество во мрежа.

**Графикон 5. Најважни придобивки од членството во конкретни мрежи**



Соработката помеѓу граѓанските организации и мрежата во која членуваат како одлична ја оцениле 32,3 % од организациите. Оценка 8 на скалата од 0 - нема соработка до 10 - одлична соработка дале 12,9 % од организациите, додека 12,1 % соработката ја сместиле на средината од скалата. Граѓанските организации кои се дел од мрежа, преку ова рангирање, соработката помеѓу организациите и мрежите ја оцениле со средна оценка 7,1.

Табела 2. Соработката помеѓу ГО и мрежата во која членува

| Оценка | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одговори | 2,4% | 2,4% | 3,2% | 6,5% | 4,8% | 12,1% | 4% | 11,3% | 12,9% | 8,1% | 32,3% |

## 1.3. ПРИЧИНИ ЗА НЕЧЛЕНУВАЊЕ ВО МРЕЖА

Останатите 40,6 % од организациите кои одговориле на прашалникот не се дел од ниту една мрежа. Во текстот подолу се дадени резултатите засновани на одговорите на овие 40,6 % учесници во анкетата.

Причина за помалку од третина од организациите да не се зачленат во ниту една мрежа е ставот дека треба да функционираат како независна организација. И учесниците на форумот го споделија стравот од губење на автономноста со зачленувањето во некоја мрежа.

Околу една четвртина од организациите (22,7 %), кои во моментот не членуваат, во иднина би сакале и планираат да се зачленат во мрежа, а дел од нив се веќе во процес на преговори за приклучување. Кај друг дел, немањето интерес се должи на тоа што некои од нив се слабо активни или млади организации кои сè уште поставуваат приоритети, други немаат средства за плаќање членарини, додека трети се соочиле со лоши искуства и не гледаат придобивки од членувањето во мрежа.

Една петтина од организациите не се дел од мрежа бидејќи не постои мрежа, ниту пак иницијатива за вмрежување која ја покрива нивната област на дејствување.

Околу 18 % од организациите немаат доволно информации за мрежите. Поточно, тие сметаат дека има недостиг на информации за критериумите за зачленување во мрежа, недоволно се запознаени со процесот на функционирање на мрежите, а исто така никогаш не биле поканети да се зачленат во мрежа и сметаат дека веќе постоечките мрежи се затворени за нови членки. Ваквите ставови може да укажуваат на слаба информираност на граѓанските организации за мрежите во Македонија.

Графикон 6. Причини за нечленување во мрежа



## 2. ОПШТИ СТАВОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МРЕЖИТЕ

Во овој дел од анкетата граѓанските организации имаа можност да го искажат својот став за ефективноста на мрежите и придобивките од вмрежувањето, независно од тоа дали членуваат или сè уште не се дел од мрежа.

**Графикон 7. Степен на ефективност на мрежите во Македонија**




Ставот на 60,9 % од организациите е дека мрежите во Македонија општо земено се ефективни, односно ги постигнуваат планираните резултати, додека 39,1 % од нив сметаат обратно.

Општо земено граѓанските организации сметаат дека најголеми придобивки од вмрежувањето се размената на информации (28%), остварувањето на општествени промени (18,7%), како и заедничкиот настап на повици за проекти (18,7%). Тие сметаат дека здружените акции водат до размена на повеќе информации, искуства и мислења, побрзи промени и поголемо општествено влијание, како и поголема можност за добивање заеднички проекти.

За 10,7 % од организациите придобивка од членувањето во мрежа е можноста за соработка со други организации. Ставот на 4,7% од организациите е дека нема придобивки од вмрежувањето. Како што самите навеле, причина за ваквиот став е нивното мислење дека придобивките од вмрежувањето им припаѓаат на основачите, односно на поголемите организации кои ги застапуваат личните интереси, а самите мрежи се  нетранспарентно водени од луѓето одговорни за нивниот развој.

**Графикон 8. Придобивки од вмрежувањето**



Создавањето партнерства и јакнењето на вмрежувањето на граѓанските организации е еден од приоритетите на проектот Техничка поддршка на граѓанските организации (ТАКСО). Повеќе од две третини од организациите кои беа дел од оваа анкета истакнаа дека проектот ТАКСО им помогнал во вмрежувањето на различни начини, меѓу кои снабдувањето со ресурсни материјали преку електронска пошта или веб-страница (42,2 %), учеството на настани кои придонеле за градење капацитети за вмрежување  (29,7 %), добивање контакти и информации за релевантни мрежи од канцеларијата на ТАКСО (21,9 %) и сл.

**Графикон 9. Придонесот на проектот ТАКСО во вмрежувањето**



## 3. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Во анкетата учествуваа 128 граѓански организации. Најголемиот дел од нив се регистрирани во општините од скопскиот регион (48,8 %). Во рамките на скопскиот регион, најголемиот број од организациите кои одговорија на прашалникот се регистрирани во општина Центар (38 %), во општина Аеродром (22,2 %) и во општина Карпош (20,6 %). Од градовите од пелагонискиот регион 10,1% од организациите одговориле на прашалникот, од кои најмногу регистрирани во Битола (61,5 %) и во Прилеп (23 %). Организациите регистрирани во градови од североисточниот регион учествуваа со 8,5 % во анкетата, од кои 72,7 % регистрирани во Куманово.

**Графикон 10. Региони во чии градови се регистрирани граѓанските организации**




Од вкупно 128 граѓански организации, 89,1 % се со правен статус здруженија, додека ист е процентот на организации со правен статус фондации и сојузи и изнесува 5,5 %.

Најголемиот број од овие организации, односно 78,9 % дејствуваат на општинско и на локално ниво, 57 % дејствуваат на национално ниво, додека на регионално ниво дејствуваат 52,3 %.

**Графикон 12. Ниво на дејствување на ГО**



Во следните сектори на дејствување граѓанските организации кои одговориле на прашалникот се најмногу активни: образование, наука и истражувања; деца, младинци и студенти; развој на граѓанското општество; животна средина и природни ресурси и добро владеење. Тие најмалку се активни во секторите: миграции, ЛГБТ и заштита на потрошувачите.

**Табела 3. Сектор на дејствување на организацијата**

| Сектор | % |
|---|---|
| Деца, младинци и студенти | 39,1 |
| Образование, наука и истражувања | 39,1 |
| Животна средина и природни ресурси | 36,7 |
| Развој на граѓанското општество | 35,9 |
| Добро владеење | 33,6 |
| Здравје и здравствена заштита | 27,3 |
| Култура | 26,6 |
| Меѓуетнички односи | 25,8 |
| Жени и родови прашања | 25,0 |
| Вработување | 18,0 |
| Толеранција | 17,2 |
| Информации, комуникација и медиуми | 15,6 |
| Лица со посебни потреби | 15,6 |
| Децентрализација | 13,3 |
| Стари лица | 10,2 |
| Миграции | 6,3 |
| ЛГБТИ | 3,1 |
| Заштита на потрошувачите | 2,3 |
| Друго | 20,3 |

## ЗАКЛУЧОЦИ

### ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МРЕЖИ

- Бројот на организации кои се членки на мрежа се движи околу 60% во изминатите 10 години.
- Повеќе од половина од мрежите се регистрирани и најголем дел од мрежите имаат воспоставено структура.
- Најчесто спомнувани мрежи во Република Македонија се: Мрежата за рурален развој на Република Македонија; Македонската платформа против сиромаштија; Коалицијата на младинските организации СЕГА; Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство; и Платформата за родова еднаквост.
- Остварувањето општествени промени и размената на информации, освен како едни од примарните мотиви за учество во мрежа, со скоро ист процент се рангирани и како едни од најважните придобивки од вмрежувањето во конкретните мрежи.
- Преовладуваат позитивните оценки за соработката меѓу членките и мрежите, средната оценка е 7,1 и 68,5 % од членките дале оценка поголема од 5, на скалата од 0 до 10.
- Повеќе од половина (52,3 %) од организациите кои сè уште не се дел од мрежа во иднина сакаат да се вклучат и да преземаат чекори за вклучување.
- Немањето интерес на другиот дел од организациите се должи на тоа што некои од нив се премногу мали и во фаза на поставување приоритети, но некои пак се соочиле со лоши искуства со што им е нарушена довербата во мрежите.
- Дел од организациите (18,2 %) се изјасниле дека нивното нечленување е резултат на недостиг на информации за мрежите и мрежното работење.

### ОПШТИ СТАВОВИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕТО

- Преовладуваат позитивните ставови за ефективноста на мрежите, скоро две третини од организациите сметаат дека мрежите се ефективни. Ова може да се должи на одговорите на членките (76), чиј број е скоро еднаков со бројот (78) на оние кои сметаат дека мрежите се ефективни.
- Општите ставови на организациите за најважните придобивки од вмрежувањето скоро се поклопуваат со најдобро оценетите придобивки на членките од конкретните мрежи: остварување општествени промени и размена на информации.
- Најголем дел од организациите добиле поддршка од ТАКСО (скоро половина), и тоа најмногу добиле ресурсни материјали, потоа градење капацитети и контакти и информации за вмрежувањето.

## ПРЕПОРАКИ

На форумот „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“, по презентацијата на наодите од двете анкети, во две работни групи (работна група со членките и работна група со претставниците на мрежите) се дискутираше за потребите на членките и потребите на секретаријатот. Во работната група со претставници на членките, беа идентификувани следните потреби[6]:

- Членките имаат потреба од финансиска поддршка, и тоа најмногу од институционална поддршка, за да можат да си ги остварат целите. Освен финансиска поддршка, потребен е и простор како за членките, така и за секретаријатите.

[6] Редоследот на потребите го следи приотизирањето од страна на учесниците во работната група. На пример, првата потреба беше идентификувана од страна на седум учесници, втората од страна на пет итн.

- Членките имаат потреба и од градење на нивните капацитети, и тоа во форма на менторство или техничка поддршка од страна на секретаријатите или други организации. Од аспект на обуки, потребни теми се застапување и лобирање, информирање и известување врз основа на постигнати резултати/остварено влијание, подготовка и спроведување проекти за финансирање од Европската Унија и сл. Членките сметаат дека и секретаријатите имаат потреба од градење капацитети.
- Потребни се и алатки и механизми за навремено информирање во мрежите, т.е. меѓу членките и меѓу членките и секретаријатите. На пример, база на податоци со контакти, потреби и капацитети на членките може да придонесе за подобра соработка меѓу членките и размена на вештини и искуства. Беше идентификувана потреба и од адресар на граѓанските организации, електронска платформа и други онлајн-алатки.
- Членките од секретаријатите очекуваат транспарентност и редовно информирање, како и да ги вклучуваат во подготовката на плановите за работа и пријавите за финансирање. Очекуваат и тие да идентификуваат и воспостават врски, т.е. да се зачленат во европски мрежи.
- Потребно е да се дефинираат и појасни критериуми за избор на членки, но и воопшто за членување во мрежите.

Работната група при идентификувањето на потребите на членките и на секретаријатите, дефинира и неколку препораки:

- Мрежите, поточно секретаријатите да го подобрат и да го зголемат учеството, транспарентноста и отчетноста кон своите членки. Членките имаат потреба да бидат редовно и навремено информирани за активностите на мрежата, како и за можностите за учество на членките во овие активности. Исто така, членките треба да бидат информирани и за активности и на други актери и можностите за учество во нив. Ова може да се постигне преку воспоставување и практикување правила и механизми за информирање, транспарентност и вклучување. На пример, мрежите/секретаријатите би можеле да ги известуваат своите членките на квартално ниво, да организираат средби на членките повеќе од еднаш во годината, покрај наративни извештаи, да се доставуваат и финансиски извештаи за работењето на секретаријатот и сл.
- Мрежите да воспостават и да практикуваат правила и механизми за (заеднички) настап на повици за грантови или други начини на финансирање. Секретаријатите не треба да бидат конкуренција на членките во обезбедувањето средства и не би требало да бидат единствени носители на проектите на мрежите. Кога секретаријатите се јавуваат како апликанти и потоа како носители на грант или друг договор за финансирање, и во подготовката и во спроведувањето треба да ги вклучуваат и заинтересираните членки, вклучително и во буџетите. Секретаријатите исто така би можеле да подготвуваат прегледи на можности за финансирање и да ги споделуваат со членките.
- Донаторите, вклучително државата, да овозможат институционални грантови за мрежите. Исто така, уделот на оперативните и индиректните трошоци во буџетите на грантовите потребно е да се зголеми, за да овозможи непречено спроведување на активностите, информирање и координација, како и постигнување на целите на мрежите и нивните членки.
- Националните и локалните власти да овозможат непречено (вклучително бесплатно) користење на јавните простори од страна на граѓанските организации. Општините би можеле да обезбедат простор за работа за мрежите и за нивните членки, како и воопшто за граѓанските организации.

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1. ЛИСТА НА ИДЕНТИФИКУВАНИ МРЕЖИ ВО МАКЕДОНИЈА

| | Мрежа |
|---|---|
| 1 | Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ) |
| 2 | Мрежа за рурален развој на Република Македонија |
| 3 | Неформална мрежа од 16 женски невладини организации |
| 4 | Македонска платформа против сиромаштија |
| 5 | Коалиција на младински организации СЕГА |
| 6 | Платформа за родова еднаквост  (ПРЕ) |
| 7 | Национален совет за родова рамноправност (НСРР) |
| 8 | Национална алијанса за ретки болести на Република Македонија |
| 9 | Коалиција „Боите на животот“ |
| 10 | Мрежа на жените фармери (МЖФ) |
| 11 | Коалиција „Екологија приоритет“ |
| 12 | Движење на екологистите на Македонија - ДЕМ |
| 13 | Коалиција за борба против гладот |
| 14 | Архуска фамилија |
| 15 | Мрежа за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион |
| 16 | Женска граѓанска иницијатива - АНТИКО |
| 17 | Коалиција „Сите за правично судење“ |
| 18 | Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (YES мрежа) |
| 19 | Декадна контакт-точка - Македонија (ДКТ - Македонија) |
| 20 | ИПА механизам |
| 21 | МРЕЖА 23 |
| 22 | Македонска национална коалиција на граѓански организации за унапредување и заштита на правата на лицата со аутизам |
| 23 | Мрежа за поддршка на младите претприемачи |
| 24 | Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ |
| 25 | Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) |
| 26 | Асоцијација на независната културна сцена - ЈАДРО |
| 27 | Македонска алпинистичка федерација |
| 28 | Коалиција „Граѓаните за Македонија“ |
| 29 | Платформа на граѓанските организации за борба против корупција |
| 30 | Пчеларски сојуз на Македонија (ПСМ) |
| 31 | Национална мрежа за борба против хомофобијата и трансфобијата (НМХТ) |
| 32 | Акциска мрежа за добро владеење |
| 33 | Совет за владеење на правото |
| 34 | Студентски парламент на УКИМ |
| 35 | Национален сојуз на слепите на Република Македонија (НССРМ) |
| 36 | Мрежа за мултикултурно општество |
| 37 | Национален сојуз на инвалидите на трудот на Република Македонија |
| 38 | Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство (НМПНЖСН) |
| 39 | Мрежа за заштита од дискриминација |
| 40 | Македонија без дискриминација (МБД) |
| 41 | Сојуз за младинска работа (СМР) |
| 42 | Македонска НВО мрежа за борба против климатските промени „Заедно за климата“ |
| 43 | Платформа „Зелена Македонија“ |
| 44 | Коалиција „Натура 2000“ |
| 45 | Македонска национална коалиција на НВО за правата на детето |
| 46 | Сојуз на борците од НОБ 1941-1945 (СБМ) |
| 47 | Национален младински совет на Македонија |

| | |
|---|---|
| **48** | Зелена коалиција (платформа) на Македонија |
| **49** | Македонскиот сојуз за борба против ракот – МАСБОРАК |
| **50** | Координативен совет на руските сонародници во РМ |
| **51** | Федерација на фармерите во РМ (ФФРМ) |
| **52** | Граѓанска мрежа за спречување судир на интереси во јавната администрација |
| **53** | Платформа на граѓанските организации за застапување за одржливост на сервиси за превенција и поддршка за ХИВ |
| **54** | Мрежа на граѓански организации за заштита на граѓаните од кривичното дело „употреба на исправа со невистинита содржина“ |
| **55** | Мрежа од граѓански организации за ефикасно граѓанско учество |
| **56** | Фронт за слобода на изразувањето |
| **57** | Рурална коалиција |
| **58** | Група за застапување на здравствените права на Ромите |
| **59** | Форум на граѓанските организации во Битола |
| **60** | Национална рурална мрежа |

## ПРИЛОГ 2. УЧЕСНИЦИ ВО АНКЕТАТА

| Бр. | Организација |
|---|---|
| 1 | Пеонија - с. Туралево, Кратово |
| 2 | Art Life |
| 3 | HEROTAGE |
| 4 | PROFICIO |
| 5 | RADAR |
| 6 | Асоцијалција за здравствена едукација и истражување - ХЕРА |
| 7 | Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) - Гостивар |
| 8 | Асоцијација за истражување, комуникации и развој ПАБЛИК Скопје |
| 9 | Асоцијација „Иницијатива за социјална промена ИнСоК“ - Скопје |
| 10 | Асоцијација на агенциите за локална демократија АЛДА - СКОПЈЕ |
| 11 | Балканска мрежа за развој на граѓанските општество |
| 12 | Биосфера |
| 13 | Визион-Вел, Струга |
| 14 | Гео-СЕЕ Институт |
| 15 | ГЕШТАЛТ ЦЕНТАР Младен Костиќ АСПЕКТИ |
| 16 | Граѓанска асоцијација - Битола |
| 17 | Граѓанска иницијатива на жените (ГИЖ) - Свети Николе |
| 18 | Движење на екологистите на Македонија |
| 19 | ЕД Вила Зора |
| 20 | Еколошко друштво Кајмакчалан |
| 21 | Еколошко друштво Солза |
| 22 | Еколошко Здружение Сапунчица с. Дихово Битола |
| 23 | Еко-свест |
| 24 | Заедница на граѓаните руски сонародници во Република Македонија „МР МОСТ“ Скопје |
| 25 | ЗДР „Чиста вода, здрава храна“ - Дебар |
| 26 | Здраужение за граѓанска иницијатива „Хоризонти“ |
| 27 | Здружение „Еко - ГАРД" - Куманово |
| 28 | Здружение „Отворете ги прозорците“ |
| 29 | Здружение „Универзитет трето доба“ - Скопје |
| 30 | Здружение Граѓански центар за одржлив развој (ЕГРИ) |
| 31 | Здружение за заштита и унапредување на животната средина |
| 32 | Здружение за култура и развој на креативните индустрии „КУЛТ-ТРАНЗЕН“ |
| 33 | Здружение за локален развој „Акција плус“ Ресен |
| 34 | Здружение за меѓугенерациска солидарност „ДОБЛЕСТ“ |
| 35 | Здружение за органско производство и екологија „Мелагро“ - Битола |
| 36 | Здружение за развој на вредностите на Обединетите нации „СУНА“ Скопје |

| | |
|---|---|
| 37 | Здружение за советување, обука и заштита на животната средина - Скопје |
| 38 | Здружение за церебрална парализа - Тетово |
| 39 | Здружение Интерактивна мрежа за образование и ресурси (ИМОР) - Битола |
| 40 | Здружение Локална агенција за развој - Струга |
| 41 | Здружение Младински клуб - Штип |
| 42 | Здружение на албанската жена - Кичево |
| 43 | Здружение на апстинентите „Здрав живот“ - Скопје |
| 44 | Здружение на граѓаните - Хуманитарна организација „МЕРХАМЕТ“ |
| 45 | Здружение на граѓаните „ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ“ - Скопје |
| 46 | Здружение на граѓаните „Културен центар Ел-калем“ |
| 47 | Здружение на граѓаните „ВЕБДОКТОР“ |
| 48 | Здружение на граѓаните за мотивација и развој на комуникации „Дијалог“ |
| 49 | Здружение на граѓаните за ретки болести „ЖИВОТ СО ПРЕДИЗВИЦИ“ - Битола |
| 50 | Здружение на инвалидите „Шпреса“ - Скопје |
| 51 | Здружение на производителите и потрошувачите на органски производи - Овчеполски екопроизводи |
| 52 | Здружение на професионалците консултанти „Подготвеност за Европа 2020“ |
| 53 | Здружение на Ромите „АВЕНА“ |
| 54 | Здружение на слепите и лицата со оштетен вид „РЕАЛНОСТ“ - Гостивар |
| 55 | Здружение на слепите лица - Куманово |
| 56 | Здружение на судиите на Република Македонија |
| 57 | Здружение на судската администрација на Република Македонија |
| 58 | Здружение на телесните инвалиди „МОБИЛНОСТ“ Велес |
| 59 | Здружение на угостителите, туристичките работници и занаетчиите „НАПРЕДОК“ |
| 60 | Здружение Обучувачи на јавната администрација (ПАТ) Скопје |
| 61 | Здружение Радика-ДЕ |
| 62 | Здружение Рурална коалиција - Куманово |
| 63 | Здружение Фибула - Куманово |
| 64 | Здружение Хелтгрупер самит - истражувања од областа на здравството и социјалата |
| 65 | Здружение Хуманост |
| 66 | Здружение Центар за едукација и одржлив развој - ЦЕОР |
| 67 | Здружение Центар за одржлив развој на заедницата |
| 68 | Здружение Центар за стратегии и развој „ПАКТИС“ - Прилеп |
| 69 | ЗУ продукција/македонски центар на ИТИ |
| 70 | Инвентивен економски развоен центар „МакЛидер“ |
| 71 | Институт за демократија „Социетас цивилис“ Скопје |
| 72 | Институт за политички истражувања од Скопје - ИПИС |
| 73 | Книжевен клуб „Јехона е Карадакут“ - Куманово |
| 74 | Коалиција на здруженија на граѓани „Коалиција сите за правично судење“ - Скопје |
| 75 | Коалиција СЕГА |
| 76 | Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници |
| 77 | Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата |
| 78 | Македонска мрежа на менторите |
| 79 | Македонски дарителски регистар (МКДР) |
| 80 | Македонски спасител |
| 81 | Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) |
| 82 | Македонско здружение за заштита и спасување на планина и непристапен терен „Асклепиј“ - Скопје |
| 83 | Македонско Монтесори здружение |
| 84 | МАКС |
| 85 | Минелиум - Тетово |
| 86 | Мрежа за рурален развој на Република Македонија |
| 87 | Мултиетничко здружение Флоренс Најтингејл |
| 88 | Национален сојуз на инвалидите на трудот на РМ - Здружение на инвалидите на трудот |
| 89 | Национална асоцијација за одржлив развој и демократија (КОРД) |
| 90 | Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилството“ |
| 91 | НВО Етно центар Балканика |

| | |
|---|---|
| 92 | Невладино здружение за заштита на интересите на училиштата од земјоделската, шумарската и ветеринарната струка „Тера Фитон Анимал“ |
| 93 | Невладина организација КХАМ - Делчево |
| 94 | Нов живот |
| 95 | Новинари за човековите права |
| 96 | Обука за одржлив развој - ОРТ |
| 97 | Општина Градско |
| 98 | Организација на жените на Општина Велес |
| 99 | Организација на жените на Општина Свети Николе |
| 100 | Пчеларско здружение „Нектар“ - Битола |
| 101 | Реактор - Истражување во акција |
| 102 | Регионален сојуз на пчеларските здруженија Виа игнација Битола |
| 103 | Регионален центар за застапување |
| 104 | Сојуз за развој на образованието на возрасни и доживотно учење на Р. Македонија |
| 105 | Сојуз на дефектолозите на Република Македонија |
| 106 | Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија |
| 107 | Сојуз - Национален совет за родова рамноправност |
| 108 | Спортско-планинарски клуб „Остри врв“ - Скопје |
| 109 | Студентски парламет на Факултетот за електротехника и информациски технологии |
| 110 | Уметност на живеењето Македонија |
| 111 | Федерација на производителите на органски производи на Македонија |
| 112 | Фондација за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ) - Гевгелија |
| 113 | Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА плус |
| 114 | Фондација Отворено општество - Македонија |
| 115 | Фондација Тиквешки вински пат |
| 116 | ХЕПА Македонија |
| 117 | Храна за сите - Банка за храна Македонија |
| 118 | Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ - Гостивар |
| 119 | ЦЕЛОР - Центар за локален развој |
| 120 | Центар за доживотно учење |
| 121 | Центар за едукација и развој - ЦЕД |
| 122 | Центар за женските права „ЕТИКА“ Гостивар |
| 123 | Центар за интегриран развој - Охрид (ЦИРО) |
| 124 | Центар за истражување и развој на образованието |
| 125 | Центар за култура и информации „РАВЕН" |
| 126 | Центар за младински иницијативи „ЦИК-ЦАК“ |
| 127 | Центар за ромската заедница ДРОМ - Куманово |
| 128 | Центар за управување со знаење |

## ПРИЛОГ 3. АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

**1 - Основни податоци**

Податоци за граѓанската организација која одговара на прашалникот.

Q01. Име на граѓанската организација: ………………………………………………………………………………………………………………

напомена: целосен назив, како што е заведен во централниот регистар на Република Македонија

П 1. Општина во која е регистрирана граѓанската организација:

| ЛИСТА | |
|---|---|

П 2. Година на основањето на граѓанската организација: ………………………………………………………………………………………

П 3. Правен статус: 1) Здружение 2) Фондација 3) Сојуз

П 4. Ниво на дејствување на организацијата:

| Национално | Регионално | Локално |
|---|---|---|
| | | |

| Ниво на дејствување [7] | | |
|---|---|---|
| ☐ Локално / општинско | ☐ Национално (Македонија) | ☐ Европско (ЕУ и/ или пошироко) |
| ☐ Регионално (во рамките на РМ) | ☐ Регионално (на Балканот) | ☐ Меѓународно |

П 5. Сектор на дејствување на организацијата:

| ЛИСТА | |
|---|---|

| Сектори на дејствување [8] | |
|---|---|
| ☐ Добро владеење: | ☐ Толеранција |
| ☐ Демократија | ☐ Култура |
| ☐ Владеење на правото | ☐ Деца, млади и студенти |
| ☐ Транспарентност | ☐ Возрасни |
| ☐ Отчетност | ☐ Лица со посебни потреби |
| ☐ Антикорупција | ☐ Лезбејска, геј, бисексуална, трансродова и интерсексуална заедница (ЛГБТИ) |
| ☐ Човекови права | ☐ Вработување |
| ☐ Децентрализација | ☐ Животна средина и природни ресурси |
| ☐ Развој на граѓанското општество | ☐ Образование, наука и истражување |
| ☐ Родови прашања | ☐ Заштита на потрошувачите |
| ☐ Меѓуетнички односи | ☐ Здравје и здравствена заштита |
| ☐ Миграција | ☐ Информации, комуникации и медиуми |

[7] Главното, доминантно ниво на дејствување на апликантот, пр. обележете „национално“ ако главното ниво на дејствување е дефинирано како „национално“ во статутот, стратегиите или други референтни документи или ако апликантот спровел повеќе од половина од активностите на национално ниво во изминативе три години.

[8] Ве молиме прецизирајте го секторот на кој припаѓа апликантот, како што е дефинирано во статутот, стратегиите или други референтни документи.

| | |
|---|---|
| | ☐ Друго (ве молиме наведете: _______________) |

## 2 – ЧЛЕНСТВО ВО МРЕЖИ ВО МАКЕДОНИЈА (НАЦИОНАЛНИ)

*Со поимот мрежи се опфаќа секој облик на здружување/вмрежување на граѓанските организации, како на пример платформи, сојузи, коалиции, федерации, алијанси и сл., било да е тој формален, неформален, регистриран или нерегистриран како посебно правно лице.*

**П 6. Дали вашата ГО е членка на мрежа во Македонија?**

| Да | Не |
|---|---|

*ДА → П 7  Не → П 6а*

**П 6.а. Зошто не сте членка на мрежа во Македонија?**

............

*→ П9*

**П 7. Во колку мрежи во Македонија членува вашата ГО?**

| Број | |
|---|---|

**П 8. Во кои мрежи во Македонија вашата ГО е активен член?***

| Мрежа 1: | Мрежа 2: | Мрежа 3: | Мрежа 4: | Мрежа 5: |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

*Забелешки: Ве молиме наведете го целиот назив на мрежата и кратенката, на пример Сојуз на здруженијата за заштита на природата (СЗЗП). Под активен член се мисли на редовно или повремено учество во активностите на соодветната мрежа, плаќање членарина, редовна размена на информации и сл.

**П 8.1.а. Дали „Мрежа 1“ е регистрирана како сојуз согласно Законот за здруженија и фондации (2010)?**

| Да | Не |
|---|---|

**П 8.1.б. Дали „Мрежа 1“ има воспоставено структура (за управување, спроведување), начин на членување и одлучување, повелба на принципи (или сличен документ) и сл.?**

| Да | Не |
|---|---|

**М П 8.1.в. Кои се примарните мотиви на вашата ГО за учество во „Мрежа 1“?**

| | | |
|---|---|---|
| Размена на информации | Взаемно учење (размена на знаење и искуство) | Промовирање заеднички каузи |
| Заеднички настап на повици за проекти | Остварување општествени промени (влијание) | Друго |

**М П 8.1.г. Кои се најважните придобивки за вашата ГО од учеството во „Мрежа 1“?**

| | | |
|---|---|---|
| Размена на информации | Можност за взаемно учење | Градење на капацитетот |
| Можност за соработка со други ГО | Заеднички настап на повици за проекти | Остварување општествени промени (влијание) |
| | Подобрување на сопствениот имиџ | Друго: |

**П 8.1.д. На скалата од 0 до 10, при што 0 означува „нема соработка“, а 10 означува „одлична“, што би рекле за соработката помеѓу вашата ГО и „Мрежа 1“:**

| 0 – Нема соработка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 – Одлична соработка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**П 8.1.ѓ. Кои се податоците за контакт со „Мрежа 1“?**

| | |
|---|---|
| Лице за контакт | |
| Електронска пошта | |
| Телефонски број: | |
| Веб-страница (ако има): | |

**П 8.2а. Дали „Мрежа 2“ е регистрирана како сојуз согласно Законот за здруженија и фондации (2010)?**

...

**П 8.3. Дали „Мрежа 3“ е регистрирана како сојуз согласно Законот за здруженија и фондации (2010)?**

...

П 8.4. Дали „Мрежа 4“ е регистрирана како сојуз согласно Законот за здруженија и фондации (2010)?

…

П 8.5. Дали „Мрежа 5“е регистрирана како сојуз согласно Законот за здруженија и фондации (2010)?

….

## 3 – ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ МРЕЖИ

Забелешка: Меѓународна мрежа подразбира и мрежа на организации од Македонија и од најмалку ушт е една држава/земја, т ака шт о под меѓународни мрежи се подразбираат сит е прекугранични, регионални (Балкан, ЈИЕ), европски и меѓународни мрежи.

П 9. Дали вашата ГО е членка на меѓународна мрежа?

| Да | Не |
|---|---|

*ДА → П 10 Не → П 9.а.*

П 9.а. Зошто не сте членка на меѓународна мрежа?

….

*→ П12*

П 10. Во кои меѓународни мрежи вашата ГО е активен член?*

| Мрежа 1: | Мрежа 2: | Мрежа 3: |
|---|---|---|
| | | |

*Забелешка: Ве молиме наведете го целиот назив на мрежата и кратенката, на македонски или на англиски јазик.

П 10.1.а. Дали „Мрежа 1“ е активна во Македонија?

| Да | Не |
|---|---|

*ДА → П Не → П 12*

П 10.1.б. Каде е седиштето (секретаријатот, извршната канцеларија и сл.) на „Мрежа 1“?

| Земја | |
|---|---|

М П 10.1.в. Кои се примарните мотиви на вашата ГО за учество во „Мрежа 1“?

| | | |
|---|---|---|
| Размена на информации | Взаемно учење (размена на знаење и искуство) | Промовирање заеднички каузи |
| Заеднички настап на повици за проекти | Остварување општествени промени (влијание) | Друго |

М П 10.1.г. Кои се најважните придобивки за вашата ГО од учеството во „Мрежа 1“?

| | | |
|---|---|---|
| Размена на информации | Можност за взаемно учење | Градење на капацитетот |
| Можност за соработка со други ГО | Заеднички настап на повици за проекти | Остварување општествени промени (влијание) |
| | Подобрување на сопствениот имиџ | Друго: |

П 10.1.д. Кои се податоците за контакт со „Мрежа 1“?

| | |
|---|---|
| Лице за контакт | |
| Електронска пошта | |
| Телефонски број: | |
| Веб-страница (ако има): | |

П 10.2.а. Дали „Мрежа 2“ е активна во Македонија?

…..

П 10.3.а. Дали „Мрежа 3“ е активна во Македонија?

…..

П 11. Дали за членување на вашата ГО во меѓународна мрежа сте требале да ги известите/ сте се соочиле со проблеми, пречки од страна на националните органи на државната управа?

| Да | Не |
|---|---|

*ДА → П 11.а. Не → П*

П 11.а. Ве молиме наведете пример

...............................................................................................................................................................

## 4 – СТАВОВИ

П 12. Според вашата ГО, до кој степен мрежите во Македонија, општо земено, се ефективни (ги постигнуваат планираните резултати)?

| | | | |
|---|---|---|---|
| Многу се ефективни | Делумно се ефективни | Недоволно се ефективни | Не се ефективни |

П 13. Според вашата ГО, општо земено, кои се придобивките од вмрежувањето?

............................

## 5 - ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ

П 14. Дали и на кој начин проектот ТАКСО досега помогнал во вмрежувањето на вашата организација?

- Да, од канцеларијата на ТАКСО имаме добиено контакти и информации за релевантни мрежи и организации со кои се вмреживме

- Да, на настани на ТАКСО се запознавме со релевантни мрежи и организации со кои се вмреживме

- Да, на веб-страницата ТАКСО најдовме контакти и информации за релевантни мрежи и организации со кои се вмреживме

- Да, од ТАКСО добивме (по е-пошта, преку веб-страницата...) соодветни ресурсни материјали (прирачници, информации, алатки) кои ни помагаат во вмрежувањето

- Да, учествувавме на настан на ТАКСО кој придонесе за градење на нашите капацитети за вмрежување

- Не

## 6 - ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ

П 15. Име и презиме на лицето кое одговара на прашалникот ....................................................

П 16. Податоци за контакт со лицето (мобилен и/или е-пошта):* .............................................................................................